Врз основа на член 7 став (1) од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија” број 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 февруари 2022 година, донесе

# О Д Л У К А
## за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2021/1278 од 30 јули 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва

### Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2021/1278 од 30 јули 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва.

### Член 2

Оваа одлука се однесува на следните видови рестриктивни мерки:

- финансиски мерки;
- забрана за влез во Република Северна Македонија

### Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање и Министерството за финансии - Царинската управа за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

### Член 4

Одлуката на Советот (ЗНБП) 2021/1278 од 30 јули 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

### Член 5

Рестриктивните мерки во однос на состојбата во Никарагва се воведуваат на неопределено време.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 40-12929/1-21
1 февруари 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

д-р Димитар Ковачевски

# COUNCIL DECISION (CFSP) 2021/1278

## of 30 July 2021

## amending Decision (CFSP) 2019/1720 concerning restrictive measures in view of the situation in Nicaragua

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 14 October 2019, the Council adopted Decision (CFSP) 2019/1720 [1] concerning restrictive measures in view of the situation in Nicaragua.

(2) On 10 June 2021, the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy (the 'High Representative') issued a declaration on behalf of the Union in which he condemned the actions of the Nicaraguan authorities against opposition parties, the media, journalists and other media workers, human rights defenders and civil society, including through the systematic detention and arrest of potential presidential candidates and opposition leaders. The High Representative indicated that the Union stands ready to use all instruments in view of the situation in Nicaragua, including the imposition of additional restrictive measures.

(3) In view of the continuing grave situation in Nicaragua, eight persons should be included in the list of natural and legal persons, entities and bodies subject to restrictive measures set out in the Annex to Decision (CFSP) 2019/1720.

(4) The Annex to Decision (CFSP) 2019/1720 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

The Annex to Decision (CFSP) 2019/1720 is amended as set out in the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the date of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 30 July 2021.

*For the Council*
*The President*
G. DOVŽAN

---

[1] Council Decision (CFSP) 2019/1720 of 14 October 2019 concerning restrictive measures in view of the situation in Nicaragua (OJ L 262, 15.10.2019, p. 58).

*ANNEX*

The following persons are added to the list of natural and legal persons, entities and bodies set out in the Annex to Decision (CFSP) 2019/1720:

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| '7. | Rosario María MURILLO ZAMBRANA<br><br>Alias: Rosario María MURILLO DE ORTEGA | Position(s): Vice President of the Republic of Nicaragua (since 2017), wife of President Daniel Ortega<br><br>Date of birth: 22 June 1951<br>Place of birth: Managua, Nicaragua<br>Gender: female<br>Nationality: Nicaraguan<br>Passport number: A00000106 (Nicaragua) | Vice President of Nicaragua, First Lady of Nicaragua and a leader of the Sandinista Youth. According to President Daniel Ortega, Rosario María Murillo Zambrana shares half of power with him. She played an instrumental role in encouraging and justifying the repression of opposition demonstrations by the Nicaraguan National Police in 2018. In June 2021, she publicly threatened the Nicaraguan opposition and discredited independent journalists.<br><br>She is therefore responsible for serious human rights violations, for the repression of civil society and democratic opposition, and for undermining democracy in Nicaragua. | 2.8.2021 |
| 8. | Gustavo Eduardo PORRAS CORTÉS | Position(s): President of the National Assembly of the Republic of Nicaragua (since January 2017)<br><br>Date of birth: 11 October 1954<br>Place of birth: Managua, Nicaragua<br>Gender: male<br>Nationality: Nicaraguan | President of the National Assembly of Nicaragua since January 2017 and member of the national direction of the Sandinista National Liberation Front (FSLN) since 1996. In his position as the President of the National Assembly of Nicaragua, he is responsible for promoting the adoption of several repressive legal acts, among them an amnesty law that precludes any investigation into the perpetrators of massive human rights violations in 2018, and laws undermining freedom and democratic process in Nicaragua.<br><br>He is therefore responsible for the repression of civil society and democratic opposition, as well as for seriously undermining democracy and the rule of law in Nicaragua. | 2.8.2021 |
| 9. | Juan Antonio VALLE VALLE | Position(s): Leader in Nicaraguan National Police<br>Rank: General/Senior Commissioner<br><br>Date of birth: 4 May 1963<br>Place of birth: Matagalpa, Nicaragua<br>Gender: male<br>Nationality: Nicaraguan | As leader in the rank of senior commissioner (second highest rank) of the Nicaraguan National Police (NNP) and in a leading position in the police in Managua, Juan Antonio Valle Valle is responsible for repeated acts of police brutality and the excessive use of force which resulted in the deaths of hundreds of civilians, for arbitrary arrests and detentions, for violations of freedom of expression and for preventing demonstrations against the government.<br><br>He is therefore responsible for serious human rights violations and for the repression of civil society and democratic opposition in Nicaragua. | 2.8.2021 |

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 10. | Ana Julia GUIDO OCHOA<br><br>Alias: Ana Julia GUIDO DE ROMERO | Position(s): Attorney General of the Republic of Nicaragua<br><br>Date of birth: 16 February 1959<br>Place of birth: Matagalpa, Nicaragua<br>Gender: female<br>Nationality: Nicaraguan | In her position as Attorney General, the highest civil servant in the Prosecutor's Office, Ana Julia Guido Ochoa, who is loyal to the Ortega regime, is responsible for the politically motivated prosecution of numerous protesters and members of the political opposition. She created a specialised unit that fabricated allegations against protesters and brought charges against them. She is moreover responsible for the disqualification from public office of the main opposition candidate for the general elections.<br><br>She is therefore responsible for serious human rights violations, for the repression of civil society and democratic opposition, and for undermining democracy and the rule of law in Nicaragua. | 2.8.2021 |
| 11. | Fidel de Jesús DOMÍNGUEZ ÁLVAREZ | Position(s): Chief of police in Leon , General Commissioner of the National Police<br><br>Date of birth: 21 March 1960<br>Gender: male<br>Nationality: Nicaraguan | In his position as chief of the police in Leon since 23 August 2018, Fidel de Jesús Domínguez Alvarez is responsible for numerous serious violations of human rights, in particular arbitrary arrests and detention, including the kidnapping of members of a political opponent's family, the excessive use of force and violations of freedom of expression and freedom of the media.<br><br>He is therefore responsible for serious human rights violations and the repression of civil society and democratic opposition. | 2.8.2021 |
| 12. | Alba Luz RAMOS VANEGAS | Position(s): President of the Supreme Court of Justice of the Republic of Nicaragua<br><br>Date of birth: 3 June 1949<br>Gender: female<br>Nationality: Nicaraguan<br>Passport number: A0009864 (Nicaragua) | In her position as the President of the Supreme Court of Justice of Nicaragua, she is responsible for instrumentalisation of the judiciary in favour of the interests of the Ortega regime, through the selective criminalisation of opposition activities, perpetuating the pattern of violations of rights of due process, arbitrary arrests, and the disqualification of political parties and opposition candidates.<br><br>She is therefore responsible for serious human rights violations, for the repression of civil society and democratic opposition, and for seriously undermining the rule of law in Nicaragua. | 2.8.2021 |
| 13. | Juan Carlos ORTEGA MURILLO | Position(s): Director at Canal 8 and Difuso Comunicaciones. Leader of the 4th of May Sandinista Movement, Son of the President and Vice President of the Republic of Nicaragua<br><br>Date of birth: 17 October 1982<br>Nationality: Nicaraguan | Son of president Daniel Ortega and the First Lady and Vice President Rosario Murillo. Director of one of the main propaganda TV stations, Canal 8, and the leader of the 4th of May Sandinista Movement. In his position, he has contributed to restricting freedom of expression and freedom of the media. He has publicly threatened Nicaraguan businesspersons who oppose the Ortega regime. He is therefore responsible for undermining democracy and the repression of civil society in Nicaragua. Because he is the son of Vice President Rosario Murillo, he is associated with persons responsible for serious human rights violations and the repression of civil society in Nicaragua. | 2.8.2021 |

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 14. | Bayardo ARCE CASTAÑO | Position(s): Economic Advisor to the President of the Republic of Nicaragua<br><br>Date of birth: 21 March 1950<br>Gender: male<br>Nationality: Nicaraguan | In his position as Economic Advisor to President Daniel Ortega, Bayardo Arce Castano holds significant influence over the policies of the Ortega regime. He is therefore associated with persons responsible for serious violations of human rights in Nicaragua.<br><br>He supported the development of legislation preventing opposition candidates from taking part in elections. He is therefore responsible for repression against civil society and democratic opposition in Nicaragua. | 2.8.2021' |

**ОДЛУКА НА СОВЕТОТ (ЗНБП) 2021/1278**

**од 30 јули 2021 година**

**за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 14 октомври 2019 година, Советот донесе Одлука (ЗНБП) 2019/1720([1]) за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва.

(2) На 10 јуни 2021 година, Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика („Високиот претставник") даде изјава во име на Унијата во која ги осуди активностите на органите во Никарагва против опозициските партии, медиумите, новинарите и други медиумски работници, бранителите на човековите права и граѓанското општество, вклучително и преку систематско приведување и апсење на потенцијални претседателски кандидати и опозициски лидери. Високиот претставник посочи дека Унијата е подготвена да ги употреби сите инструменти во однос на состојбата во Никарагва, вклучително и воведувањето дополнителни рестриктивни мерки.

(3) Со оглед на тоа што состојбата во Никарагва и понатаму е сериозна, осум лица треба да се вклучатво списокот на физички и правни лица, субјекти и тела кои подлежат на рестриктивни мерки утврден во Анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2019/1720.

(4) Затоа, Анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 се изменува како што е утврдено во Анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Брисел, 30 јули 2021 година.

*За Советот*

*Претседател*

Г. ДОВЖАН

([1]) Одлука на Советот (ЗНБП) 2019/1720 од 14 октомври 2019 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва (Сл. весник L 262, 15.10.2019 година, стр. 58).

*АНЕКС*

Следните лица се додаваат во списокот на физички и правни лица, субјекти и тела утврден во Анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2019/1720:

| | Име | Информации за идентификација | Причини | Датум на внесување во список |
|---|---|---|---|---|
| „7. | RosarioMaría MURILLO ZAMBRANA<br><br>Позната како: RosarioMaría MURILLO DE ORTEGA | Позиција(и): потпретседателка на Република Никарагва (од 2017 година), сопруга на претседателот DanielOrtega<br><br>Датум на раѓање: 22 јуни 1951 година<br>Место на раѓање: Managua, Никарагва<br>Пол: женски<br>Националност: Никарагванка<br>Број на пасош: A00000106 (Никарагва) | Потпретседателка на Никарагва, прва дама на Никарагва и лидер на SandinistaYouth. Според претседателот DanielOrtega, RosarioMaríaMurilloZambrana со него ја делат власта. Таа имала клучна улога во поттикнувањето и оправдувањето на репресијата на националната полиција на Никарагва во опозициските демонстрации во 2018 година. Во јуни 2021 година, таа јавно ѝ се заканила на опозиција во Никарагва и ги дискредитирала независните новинари.<br><br>Затоа, таа е одговорна за сериозни кршења на човековите права, за репресијата врз граѓанското општество и демократската опозиција и за поткопување на демократијата во Никарагва. | 2.8.2021 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | GustavoEduardo PORRAS CORTÉS | Позиција(и): претседател на Националното собрание на Република Никарагва (од јануари 2017 година)<br><br>Датум на раѓање: 11 октомври 1954 година<br>Место на раѓање: Managua, Никарагва<br>Пол: машки<br>Националност: Никарагванец | Претседател на Националното собрание на Никарагва од јануари 2017 година и член на националното раководство на SandinistaNationalLiberationFront (FSLN) од 1996 година. Како претседател на Националното собрание на Никарагва, тој е одговорен за поттикнување на донесувањето на неколку репресивни правни акти, меѓу кои и закон за амнестија со кој се исклучува каква било истрага против сторителите на масовни кршења на човековите права во 2018 година, како и закони кои ја поткопуваат слободата и демократскиот процес во Никарагва.<br><br>Затоа, тој е одговорен за репресијата врз граѓанското општество и демократската опозиција, како и за сериозно поткопување на демократијата и владеењето на правото во Никарагва. | 2.8.2021 година |
| 9. | JuanAntonio VALLE VALLE | Позиција(и): раководител во националната полиција на Никарагва<br>Чин: генерален/висок комесар<br><br>Датум на раѓање: 4 мај 1963 година<br>Место на раѓање: Matagalpa, Никарагва<br>Пол: машки<br>Националност: Никарагванец | Како раководител со чин висок комесар (втор највисок чин) во Националната полиција на Никарагва (NNP) и со раководна позиција во полицијата во Managua, JuanAntonioValleValle е одговорен за повторливи дејства на полициска бруталност и прекумерната употреба на сила што резултираше со смрт на стотици цивили, за произволни апсења и приведувања, за кршења на слободата на изразување и за спречување на демонстрации против Владата.<br><br>Затоа, тој е одговорен за сериозни кршења на човековите права и за репресијата врз граѓанското општество и демократската опозиција во Никарагва. | 2.8.2021 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | AnaJulia GUIDO OCHOA<br><br>Позната како: AnaJulia GUIDO DE ROMERO | Позиција(и): јавен обвинител на Република Никарагва<br><br>Датум на раѓање: 16 февруари 1959 година<br>Место на раѓање: Matagalpa, Никарагва<br>Пол: женски<br>Националност: Никарагванка | Како јавен обвинител, највисок државен службеник во Јавното обвинителство, AnaJuliaGuidoOchoa, која е лојална на режимот на Ortega, е одговорна за политички мотивираниот прогон на голем број демонстранти и членови на политичката опозиција. Таа формираше специјална единица којашто лажираше обвиненија против демонстранти и покренуваше тужби против нив. Освен тоа, таа е одговорна за дисквалификацијата од јавната функција на главниот опозициски кандидат на општите избори.<br><br>Затоа, таа е одговорна за сериозни кршења на човековите права, за репресијата врз граѓанското општество и демократската опозиција и за поткопување на демократијата и владеењето на правото во Никарагва. | 2.8.2021 година |
| 11. | FideldeJesús DOMÍNGUEZ ÁLVAREZ | Позиција(и): полициски началник во Leon, главен комесар на Националната полиција<br>Датум на раѓање: 21 март 1960 година<br>Пол: машки<br>Националност: Никарагванец | Како началник на полицијата во Leon од 23 август 2018 година, FideldeJesúsDomínguezAlvarez е одговорен за бројни сериозни кршења на човековите права, особено за произволни апсења и приведувања, вклучително и киднапирањето на членови на семејството на политички опозиционер, прекумерната употреба на сила и кршења на слободата на изразување и слободата на медиумите.<br><br>Затоа, тој е одговорен за сериозни кршења на човековите права и за репресијата врз граѓанското општество и демократската опозиција. | 2.8.2021 година |
| 12. | AlbaLuz RAMOS VANEGAS | Позиција(и): претседателка на Врховниот суд на правдата на Република Никарагва<br><br>Датум на раѓање: 3 јуни 1949 | Како претседателка на Врховниот суд на правдата во Никарагва, таа е одговорна за инструментализација на судството во корист на интересите на режимот на Ortega, преку селективнатакриминализација на опозициските активности, продолжувајќи го моделот на кршења на правата на правично судење, произволни апсења и дисквалификацијата на политичките партии и опозициските кандидати. | 2.8.2021 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | година<br>Пол: женски<br>Националност: Никарагванка<br>Број на пасош: A0009864 (Никарагва) | Затоа, таа е одговорна за сериозни кршења на човековите права, за репресијата врз граѓанското општество и демократската опозиција и за сериозно поткопување на владеењето на правото во Никарагва. | |
| 13. | JuanCarlos ORTEGA MURILLO | Позиција(и): директор на Canal 8 и DifusoComunicaciones<br>Лидер на 4th ofMaySandinistaMovement, син на претседателот и потпретседателката на Република Никарагва<br><br>Датум на раѓање: 17 октомври 1982 година<br>Националност: Никарагванец | Син на претседателот DanielOrtega и на првата дама и потпретседателкаRosarioMurillo. Директор на една од главните пропагандни телевизиски станици, Canal 8 и лидер на 4th ofMaySandinistaMovement. На таа позиција, тој придонесе за ограничување на слободата на изразување и слободата на медиумите. Тој јавно им се закани на никарагванските бизнисмени кои му се спротивставуваат на режимот на Ortega. Затоа, тој е одговорен за поткопување на демократијата и за репресијата врз граѓанското општество во Никарагва. Поради тоа што е син на потпретседателката RosarioMurillo, тој се поврзува со лица одговорни за сериозни кршења на човековите права и за репресијата врз граѓанското општество во Никарагва. | 2.8.2021 година |
| 14. | Bayardo ARCE CASTAÑO | Позиција(и): економски советник на претседателот на Република Никарагва<br><br>Датум на раѓање: 21 март 1950 година<br>Пол: машки<br>Националност: Никарагванец | Како економски советник на претседателот DanielOrtega, BayardoArceCastano има значително влијание врз политиките на режимот на Ortega. Затоа, тој се поврзува со лица одговорни за сериозни кршења на човековите права во Никарагва.<br><br>Го поддржувалподготвувањето на законодавство со кое на опозициските кандидати им се оневозможува учество на избори. Затоа, тој е одговорен за репресијата врз граѓанското општество и демократската опозиција во Никарагва. | 2.8.2021 година“ |